РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Примено: 24.03.2023

03-132/1

До: **Државен управен инспекторат**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Примерок од Записникот ИП 1 Бр 13-251 од 23.02.2023 година извршен од страна на управниот инспектор Билјана Грујовска врз основа на мое барање за вонреден инспекциски надзор број 13-251 од 10.02.2023 и
2. Дописот од Државниот Управен инспекторат број ИП 1 Бр 13-251 од 03.03.2023 година до Министарството за финансии-Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола-Скопје (препраќање за надлежно постапување).

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**Со електронски запис** (скенирана форма на оригиналните документи).

Начин на доставување на информацијата:

На е-маил [redacted]

***Образложение:*** Поднесувам барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 24.03.2023 година.** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] аведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-132/1 од 24.03.2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за притап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-132/1 од 24.03.2023 година, **СЕ УВАЖУВА.**

## *Образложение*

До Државниот управен инспекторат поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-132/1 од 24.03.2023 година. Со истото подносителот ги бара во електронски запис (скенирана форма) под бр.1 Записник Ип1 бр.13-251 од 23.02.2023 година и под бр.2 Дописот Ип1 бр.13-251 од 03.03.2023 година.

Записникот Ип1 бр.13-251 од 23.02.2023 година и Дописот Ип1 бр.13-251 од 03.03.2023 година се доставуваат во прилог на ова Решение.

Бидејќи бараните информации се информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-132/2 на 04.04.2023 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска

Прилог:
- Записник Ип1 бр.13-251 од 23.02.2023 година
- Допис Ип1 бр.13-251 од 03.03.2023 година


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштат Цар Самоил бр.20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322387
flore.donevska@mioa.gov.mk